**Република Македонија**
**Н О Т А Р**
**Тања Аспорова**
**ул. Борис Карпузов број 2,Велес**

**О Д У**
**Книга 4, реден број 457/16**

**25.05.2016година (ден дваесет и петти месец мај, година две илјади и шеснаесетта) составен во 12 часот**-----------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, **НОТАР Тања Аспорова** од Велес, ул. Борис Карпузов број 2, нотарско подрачје на Основниот Суд Велес, на ден 25. 05. 2016 година, со устен повик на овластено лице на **Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи ДИМКО МИТРЕВ АД увоз-извоз Велес,** со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94, Велес, со ЕМБС 4024095, запишано во Централниот Регистар на Репулика Македонија-Трговски регистар на други правни лица, РРК Велес, застапувано од Г-дин **Атанас Киров,** Извршен Директор, Генерален Директор, според Статутот без ограничувања, чие својство и овластување го утврдив со увид во Тековна состојба, кое се одржа во просториите на Друштвото, во Ресторанот за општествена исхрана-Нов Погон, Велес со почеток во 11 часот. ----------------

Согласно член 73 од Законот за нотаријатот (Службен Весник на Р. Македонија број 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11) а во врска член 407 став 5 од Законот за трговски друштва(Службен Весник на РМ 28/04,84/ 05, 25/ 07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11,166/12,70/13, 38/14 и 41/14 ) го составив следниот-----------------------------------------------------------------------------------------

# ------------------------------------------- ЗАПИСНИК-------------------------------------------
# ------------------------ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА --------------------
# ------------------------------------ДИМКО МИТРЕВ АД Велес----------------------------------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена :-------------------------

**1.**Тековна состојба број 0805-50/150620160002231 од 25. 05. 2016 година издадена од ЦР на РМ РРК Велес на **Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи ДИМКО МИТРЕВ АД увоз-извоз Велес,** со седиште на ул. Димко Најдов бр. 94, Велес, со ЕМБС 4024095. ---------------------------------------------------------------------------------------

**2.**Акционерска книга на **ДИМКО МИТРЕВ АД Велес** со состојба на ден 23. 05. 2016 година, време 13:35:12 часот, издадена од ЦДХВ, Скопје**;**--------------------------------------------------

**3.**Јавен повик до акционерите за одржување на годишно Собрание на акционери објавен во дневното гласило НОВА МАКЕДОНИЈА објавен на ден 22. 04. 2016 година; -------------------

**4.**Список на пријавени акционери за собрание на ден 25. 05. 2015 година, со број на акции;-----

**5.**Тековна состојба од DM INTERNACIONAL AB, заверен превод УЗП бр.2862/16 од 25.05.2016 година од Нотар Тања Аспорова од Велес.-------------------------------------------

**6.** Тековна состојба од LAYAN INTERNACIONAL AB, заверен превод УЗП бр.2860/16 од 25.05.2016 година од Нотар Тања Аспорова од Велес.-------------------------------------------

**7.**Полномошно за учество на редовно годишно собрание на АД Димко Митрев Велес од LAYAN INTERNACIONAL AB, Свенљунга, Шведска, во заверен превод УЗП бр.2859/16 од 25.05.2016 година и Известување за присуство на Сообранието, во заверен превод УЗП бр.2861/16 од 25. 05. 2016 година од Нотар Тања Аспорова Велес.-----------------------------------------------------------

**7.**Полномошно за учество на редовно годишно собрание на АД Димко Митрев Велес од ДМ INTERNACIONAL AB, Свенљунга, Шведска, во заверен превод УЗП бр. 2863/16 од 25.05.2016 година и Известување за присуство на Собранието УЗП бр. 2864/16 од 25.05.2016 година од Нотар Тања Аспорова Велес.----------------------------------------------------------------

Од наведениот список, по неговата верификација, претседавачот од минатото собрание, Никола Шоптрајанов, утврди и констатира дека има присутни вкупно 7 акционери, со 23.538 акции од вкупно 40.000 обични акции, што преставува основна главина на Друштвото, изразено во проценти 58,85% од вкупната основна главнина на Друштвото со право на глас и тоа:--------------------------------------------------------------------------------------------------

1.Г-дин Горан Ќорвезироски од Скопје, **како Полномошник на Друштвото LAYAN INTERNACIONAL AB, со седиште во Шведска, адреса BOX 171 SE-512 24,** и за Друштвото DM I NTERNATIONAL AB **со седиште во Шведска, adresa Box 171, 512 24,**

**Svenljunga Sweden** со уредни овластувања, во заверени преводи на овластувањата, со вкупно број на гласови **20.457**;---------------------------------------------------------------------------------------
2. Атанас Киров со број на гласови **2831**;-------------------------------------------------------------
3. Љубомир Богоевски со број на гласови **51**;-------------------------------------------------------
4.Петре Ордевски со број на гласови **90;**-------------------------------------------------------------
5.Олга Миткова со број на гласови **44**;------------------------------------------------------------
6.Ангел Шоптрајанов со број на гласови **32**;-------------------------------------------------------
7.Никола Шоптрајанов со број на гласови **33**------------------------------------------------------
На Собранието присуствуваше и претставникот на Друштвото за ревизија Ревизија Андоновски ТП Куманово,Ката Андоновска. ----------------------------------------------------------
Седницата ја отвори **Г-дин Никола Шоптрјанов,** кој претседаваше на последната седница на Собранието, откако ги поздрави присутните и им посака успешна работа и нагласи дека неговиот мандат истекува, потребно е да се избере нов претседавач, предложи присутните и преставени акционери да го потпишат Списокот за да се утврди дека постои кворум за работа на Собранието.------------------------------------------------------------------------------------------
Откако се потпишаа присутните и претставени акционери по извршениот увид во Списокот, од страна на досегашниот претседавач, утврди дека на седницата на Собранието се присутни акционери и нивни застапници со вкупно 23.538 гласови од вкупно 40.000 гласови од основната главнина, односно 58,85% проценти и утврди дека постои кворум за работа и одлучување на Собранието.--------------------------------------------------------------------------------
Досегашниот претседавач појасни дека записникот ќе го води Нотар, така што нема потреба од избор на записничар и двајца оверувачи на Записникот.-----------------------------------
**(1.) ПРВА ТОЧКА-***Избор на претседавач на собрание на акционери*--------------------------
По однос на првата точка од дневниот ред, избор на претседавач, Извршниот Директор Г-дин Атанас Киров го предложи Никола Шоптрајанов, кој го водеше и минатато собрание, при што истакна дека добро го водеше собранието, стручен е за оваа работа и со успех ќе ја извршува. Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од присутните акционери и застапници на акционери, по што, досегашиот претседавач констатира дека за Претседавач за ова собрание, едногласно со 23.538гласа, е избран Адвокат Никола Шоптрајанов од Скопје, со адреса на стан на ул.Кузман Јосифовски Питу број 31, Велес, со ЕМБ 2402984480014, кој уште еднаш констатира дека има кворум за работа на Собранието, се заблагодари на изборот и дадената доверба, ги поздрави акционерите и гостите на Собранието, информира дека на собранието е присутен Нотар Тања Аспорова, со службено седиште на подрачјето на Основен суд Велес, го прочита огласот и објави дека гласањето на седницата ќе биде јавно. --------------------------------------------------------------------------------
Во продолжение Претседавачот го предложи со следниот ------------------------------------------
-----------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**-----------------------------------------------
**1. Избор на пртседавач на собранието на акционери;**-----------------------------------------------
**2. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи (независен ревизорски извештај) и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2015 година со --**
*-Предлог -Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извешаити (независен ревизорски извештај) и извештајот за работа на друштвото за 2015 година;*------------------
**3. Извештај за работа на Одборот на директори на Димко Митрев АД Велес за 2015 година со:**---------------------------------------------------------------------------------------------------------
*-Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот за работа на одоборот на директори на Димко Митрев АД Велес во 2015 година;*------------------------------------------------------------
**4.Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2015 година со**------------------------------------------------------------------------------------------------------------
*-Предлог- Одлука за распределба н добивката по годишната сметка за 2015 година.*--------
**5. Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансискиот извештај на Друштвото за 2016 година со** ----------------------------------------
*-Предлог-Одлука за именување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финасискиот извештај на друштовото за 2016;*----------------------------------------------------------
**6.Годишен Извештај за работата на службата за внатрешна ревизија на АД Димко Митрев Велес за 2015 година со**

*-Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот за работа на службата за внатрешна ревизија на АД Димко Митрев Велес за 2015 година.*-----------------------------------------------

Претседавачот го стави дневниот ред на гласање.---------------------------------------------------

Дневниот ред беше усвоен од акционерите едногласно по пат на јавно гласање од присутните и преставени акционери.--------------------------------------------------------------------

**(2.)ВТОРА ТОЧКА-***Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи (независен ревизорски извештај) и годишниот изветај за работата на Друштвото во 2015 година со Предлог одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извешати (независен ревизорски извештај) и извештајот за работа на друштвото за 2015 година;*-------------------------------------------------------------------------------

Годишниот извештај за остварените резултати за 2015 година на ДИМКО МИТРЕВ АД Велес, е составен дел на овој Записник.-----------------------------------------------------------------

По оваа точка од дневниот ред, воведен збор зема **Извршниот Директор, Генерален директор, Г-динот Атанас Киров,** кој најпрво ги поздрави присутните акционери и гости, посебно Г-динот Горан Ќорвезироски, преставник на мнозинскиот капитал во Друштвото.-----

Потоа, во кратки црти се осврна на резултатите од работењето за изминатата година при што истакна дека е задоволен од постигнатото, односно деловната година е завршена со позитивен резултат, при што го истакна следново:--------------------------------------------------------------------

"Деловната 2015 год. успеавме да ја завршиме со позитивен резултат и тоа нето добивка пред оданочување во износ од 756.239 ден од кои оданочени даноци и придонеси во износ од 465. 943 денари и нето добивка по оданочување во износ од 290.296. Вкупните приходи од 216.035.275 ден, од кои приходи од продажба на производи и услуги се во износ од 209.639. 596 денари.----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Позитивните финански резултати се малку над планираното 16%, има намалување на вработените, зголемување на минималната плата.--------------------------------------------------

Суровата кожа чија цена беше променлива главно ја купувавме од Австралија, Нов Зеланд и Англија, како и мала количина од домашен пазар.------------------------------------------------

Главен пазар за продажба како и во изминатите години беше скандинавскиот пазар, односно како доминантен и најважен купувач беше нашиот шведски партнер Shepherd of Sweden и тоа тој е најголем купувач на крзнени обувки и декоративни крзнени, производи. Исто така иако во помал обем нашите производи се продаваа и во Германија и тоа најчесто медицинско крзно. Во делот на банкарското работење и понатаму продолжи соработката со Еуростандард банка и со Стопанска банка Битола.--------------------------------------------------

Во рамките на обврските за решавање на екологијата се продолжи со активности посебно во делот на работењето на котелот во стариот погон, каде се продолжи со докомплетирање со опрема со која самата фабрика ќе може стабилно да ги прати сите параметри во издувните гасови, и тоа се набави преса на која се третира талогот што се добива со издувните гасови.----

Исто така направена е физибилити студија за изградба на пречистителна станица после што следуваше изработка натехнолошки изведбен проект за истата.-----------------------------------------

Во сферата на развојот посебен акцент се стави на утврдување на технологија за добивање на безметална штава што се повеќе претставува тренд во нашата гранка, од причини што се работи за еколошка штава која ги задоволува бараните стандарди како при користењето на производите така и на помала загаденост на одпадните води."---------------------------------------

Исто така тој истакнувајќи ги позитивните резултати од работењето рече дека на почетокот на годината во Друштвото имало 228 вработени во текот на годината таа бројка се намалила за 7, но затоа пак бруто платата се зголемила за 7%, што би значело дека работната сила поскапела, истакнувајќи при тоа дека обврските кон добавувачите се намалени во услови на почитување на Законот за финансиска дисциплина.--------------------------------------------------

По кусиот вовед од страна на Извршниот Директор, Генерален Директор Атанас Киров претседвачот му даде збор на претставникот на Друштвото за ревизија Ревизија Андоновски ТП Куманово, **Г-ѓа Ката Андонова,** бидејќи во состав на оваа точка од дневниот ред е и Извештајот на ревизорите за извршената ревизија на финасиските извештаи, и тој е составен дел на Записникот.-------------------------------------------------------------------------------------

Најпрво,се заблагодари на соработката, и на поканата лично да присуствува на Собрание и сосема накусо, се задржа на тоа дека за цело време додека како ревизорска куќа се присутни во Друштвото, имаат исклучително добра соработка на сите нивоа, почнувајќи од пописите комисии и пописите кои се вродостојни и точни, организирани се безпрекорно, и се во согласност со закон, значителни отстапувања нема, немаме никакви укажувања и затоа нашето мислење во извештајот е позитивно, ревизорскиот извештај е транспарентен и јавен, се објавува на македонската берза, го користат добавувачи и купувачи и истиот ја одразува реалната финансиска ситуација. Таа истакна дека друштвото остварува позитивни финансиски резултати во услови на несигурност на пазарот, бележи континуитет во работењето од 2015 год, деловните обврски редовно ги сервисира, ликвидно е во целиот перод на работење, остварува добра соработка со странски партнери, при што има висок бренд и квалитет на произодите. ------------------------------------------------------------

За крај, ги повика присутните ако некој има некое прашање спремна е да одговори. -----------

Во расправата по оваа точка не се јави за збор никој, по што Претседавачот Никола Шоптрајанов, ја стави на гласање Предлог Одлуката. О Д Л У К А Т А за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи (независен ревизорски извештај) и годишниот извештај за работата на Друштвото за 2015 година, беше усвоена едногласно од сите присутни и претставени акционери.------------------------------------------------------------------------

**(3.) ТРЕТА ТОЧКА**-*Извештајот за работата на Одборот на директори на Димко Митрев АД Велес за 2015 година со Предлог Одлука за одобрување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Димко Митрев АД Велес во 2015 година;------------*

По оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието, му даде збор на Претседателот на Одборот на директори **Г-динот Љубомир Богоевски,** кој го прочита Извештајот за работата на Одборот на директори на Димко Митрев АД Велес, кој е составен дел на овој записник. Претседавачот отвори расправа, за збор не се јави никој од присутните, Предлог Одлуката беше ставена на гласање. О Д Л У К А Т А за одобрување на Извештајот за работа на Одборот на директори за 2015 година, и тоа за секој член на Одборот на директори поединечно и тоа за одобрување на работата на: ------------------------

1.Атанас Киров-Генерален Извршен Директор беше усвоена со 23. 538 гласа ,------------

2. Љубомир Богоевски-неизвршен директор и Претседател на одоборот на директори беше усвоена со 23. 538 гласа , -----------------------------------------------------------------------------

3. Ангел Шоптрајанов-неизвршен директор-независен беше усвоена со 23. 538 гласа,-----

4. Стеве Савески-неизвршен директор-независен беше усвоена со 23. 538 гласа и --------

5. Дилба Јордановска-неизвршен директор беше усвоена со 23. 538 гласа.--------------------

**(4).ЧЕТВРТА ТОЧКА** -*Донесување Одлука за распределба на добивката за 2015 година-Предлог Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2015 година.---------*

Воведно излагање и по оваа точка од дневниот ред, даде **претседателот на Одборот на директори Г-динот Љубомир Богоевски,** и рече дека по оданочување по годишната сметка за 2015 година која изнесува 290. 296,00 денари, произлезе предлог од седница на Одборот на директори одржана на 11.03.2016година, доставен до Собранието истата да се распореди за решавање на инвестициски еколошки намени и потреби на Друштвото.-----------------------------

Претседавачот отвори расправа.-------------------------------------------------------------------------

Откако никој не се јави за збор, по исцрпната дискусија, Претседавачот, Предлог Одлуката ја стави на гласање. О Д Л У К А Т А за распределба на добивката за 2015 година, едногласно со 23.538 гласа ЗА, беше усвоена од претставените и присутни акционери.----------------------------

**(5).ПЕТТА ТОЧКА** *Донсување на Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансовиот извештај на Друштвото за 2015 година Предлог-Одлука за именување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финасискиот извештај на друштовото за 2015;------------------------------------------------------------*

Во воведниот збор, **Претседателот на Одборот на директори Г-дин Љубомир Богоевски**,рече дека по објавениот повик, се доставени повеќе понуди за избор на овластен ревизор, видно од Предлог Одлуката истите се разгледани, но за најповолна понуда Одборот на директори за прво рангирана, му предлага до Собранието да го избере РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ-Куманово, наспрема ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДОО Прилеп (како второ рангирана) и ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА Радовиш (како трето рангирана).---------------------

Претседавачот ја заклучи расправата и Предлог Одлуката ја стави на гласање. О Д Л У К А Т А за назначување на овластен ревизор за ревизија на финасиските извештаи за 2015 година беше усвоена од акционерите со едногласно со 23. 538 гласа ЗА од присутните и претставени акционери ------------------------------------------------------------------------

**(6).ШЕСТА ТОЧКА** *Годишен Извештај за работата на службата за внатрешна ревизијана АД Димко Митрев Велес за 2015 година -Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот за работа на службата за внатрешна ревизија на АД Димко Митрев Велес за 2014 година.*------------------------------------------------------------------------------------------

По оваа точка од дневниот ред, воведен збор зема **Г-ѓа Трендафилка Кирова, раководител на Секторот за внатрешна ревизија,** Извештајот е составен дел на овој Записник. Извештајот содржи опис на извршени ревизии, оценка на адекватноста на системите за внатрешна контрола и оцена на реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа, со мислење врз основа на извршените поединчени ревизии во текот на 2015 год.од изведените ревизорски докази врз основа на контрола на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал, избран по случаен избор од сите ревидирани процеси, истакнувајќи при тоа дека учеството на семинари и обуки во 2015 г беше изоставено како резултат на породилно отсуство на раководителот на секторот за внатрешна ревизија.------------------

Генерално мислење е дека врз основа на извршените ревизии може да се изрази разумна согласност дека голем дел од контролите кои се неопходни за да ги пресретнат клучните ризици во компанијата се воспоставени и функционираат. Идентификуваните слабости во системот на интерни контроли немаат материјално значење во однос на постигнување на целите на компанијата.------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа, за збор не се јави никој од присутните, Предлог Одлуката беше ставена на гласање. О Д Л У К А Т А за одобрување на Извештајот за работа на службата за внатрешна ревизија на АД Димко Митрев Велес за 2015 година, беше усвоена ЕДНОГЛАСНО од присутните и претставени акционери ------------------------------------------

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, Претседавачот откако срдечно им се заблагодари на сите присутни за учеството на Собранието, констатира дека редовната годишна седница на Собранието на ДИМКО МИТРЕВ АД Велес заврши во 12 часот ----

**Потврдувам** дека овој Записник го составив на 6 страни и лично му го прочитав на Претседвачот на Собранието и го предупредив на правните последици од ваквата правна работа.------------------------------------------------------------------------------------------

Претседвачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на Записникот во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието.--------------------------------------------------------------------------

На Друштвото му издадов еден целосен и потполн Записник , додека Изворникот со прилозите се чува во архивата на Нотарот.----------------------------------------------------------

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси и согласно членот 144 став 4 од Законот за нотаријатот во износ од 500 денари е наплатена ------------------------------

Нотарската награда е пресметана и платена согласно член 44 од Нотарската тарифа во износ од 10.000 денари. ------------------------------------------------------------------------

**Претседавач на Собранието**------------------------------------------------------------------

**на ДИМКО МИТРЕВ АД Велес** ---------------------------------------------------------------

**Никола Шоптрајнов** -------------------------------------------------------------------------

**ОДУ Книга 4, реден број 457/16**--------------------------------------------------------------

**25. 05. 2016година (ден дваесет и петти, месец мај, година две илјади и шеѕнаесетта)**----

------------------------------------------------------------------------------------**Н О Т А Р**-------------

-------------------------------------------------------------------------------**Тања Аспорова**-----------



